утрински Весник
Број 1512 Среда, 30 Јуни 2004



Печатено Издание

Креирано со nextsense WebBuilder

nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner On! Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

КУЛТУРА

**По втор пат доделена наградата "Денес"**

# Наградената група ОПА ја ополномошти групата ХА

**Ополномоштениот Сашо Талевски ја претставуваше ОПА во Куршумли-ан**

Годинешната награда за млад ликовен уметник Денес, што по втор пат ја додлува Центарот за современи уметности во соработка со Фондацијата за цивилно опшsecsво, Њујорк , САД и Фондацијата Институт отворено општество Македонија и Музеј на Македонија, годинава ја доби групата ОПА - Опсесивно Посесивна Агресија што ја сочинуваат уметниците Слободанка Стевчевска и Денис Сарагиновски. ОПА ја ополномошти групата "ХА", односно Сашо Талевски, да ги претставува на изложбата при доделувањето на наградата на 25 јуни во Куршумли-ан и да ја прими на градата." Во полномошното заверено на нотар и изложено во Куршумли Ан на македонски и англиски јазик стои " Групата "ХА" ја ополномоштуваме да го изработи делото за изложбата согласно македонскиот ликовен уметнички сензибилитет и да има потенцијално добитнички вредности, согласно критериумите на македонската уметничка критика. Групата ХА има право доколку ја добие наградата, слободно да располага со истата, да ја ползува, или отуѓува (продава или подарува)"

Во конкуренција за наградата ДЕНЕС беа номинирани и уметниците Оливер Мусовиќ, Љубомир Милошески, Христина Иваноска и Јане Чаловски чии дела се изложени во изложбените простории и во дворот на Куршумли-ан. Добитникот на првата награда ќе добие стипендија која ги покрива трошоците за пат и престој во Меѓународната куќа асоцирана со Универзитетот во Колумбија, Њујорк, а по враќањето и самостојна

Годинешното жири на наградата го сочинуваа :историчарите на уметност Соња Абаџиева, Наде Пешева, и уметниците Станко Павлески и Славица Јанешлиева. (К.Б)

комерцијална банка а.д. скопје www.kb.com.mk
24 часа on line
ИМАТЕ ГЛАВОБОЛКИ? ТАХИКАРДИЈА?
АЛКАЛОИД а.д.
WebSearch Keywords: Интервјуа и анализи
граѓански СВЕТ граѓанското општество
МОЈОТ КРУГ МОБИМАК
ЗА: ФИРМИ, ... ФИЗИЧКИ ЛИЦА
абер www.aber.net.mk

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани